ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

12-385/3
30-01-2024

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 99-та седница одржана на 26.01.2024 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Постапката по предметот број 12-8153/1 од 13.09.2022 година, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување по овој предметен случај, од причина што постапил друг надлежен орган.

Предметот со број 12-8153/1 од 13.09.2022 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Врз основа на член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата на колегиум одржан на ден 12.09.2022 година, донесе заклучок да се отвори предмет, по сопствена иницијатива врз основа на допрен глас во врска со наводи изнесени во доставено барање за пристап до информации од јавен карактер, во кое се посочува за можни неправилности при градба на објект во Општина _______, спротивно на Законот за градење и непочитување на деталниот урбанистички план при реализација на градежните активности.

Во своето надлежно постапување по оформениот предмет, ДКСК достави барање до Општина _______со цел да обезбеди дополнителни податоци и информации во врска со тоа дали веќе реализираната градба е во согласност со деталниот урбанистчки план и издаденото одебрение за градење, по што од увидот на прибавената документација го констатира следното:

По добиена претставка за објект во изградба од страна на овластен градежен инспектор бил спроведен вонреден инспекциски надзор над предметната локација при што била затекната градба на објект од втора категорија со намена А1 - домување во станбени куќи и констатирани неправилности спротивни со основниот заверен проект според кој инвеститорот поседувал

одобрение за градба број **уп1 бр 26-1344/2012 од 01.02.2019 година**, правосилно од **15.04.2019 година**.

За констатираните неправилности градежниот инспектор изготвил **записник ип1 бр. 34-103 од 06.05.2022 година,** и решение **ип1 бр.34-103 од 09.05.2022 година** за отстранување на истите во рок од 30 дена и усогласување на градбата со основниот проект.

По овој предметен случај постапувала и Државната комисија за одлучување во втор степен од областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка, која одлучувала по жалбата на инвеститорот со број **ип1 бр. 34-103 од 01.06.2022 година** при што одлучила предметот да биде вратен на повторно постапување кај првостепениот орган.

Градежниот инспектор во своето понатамошно постапување врз основа на добиена информација **бр. 34-4554/2 од 14.09.2022** година од Секторор за урбанизам констатирал дека субјектот на инспекциски надзор поднел барање за одобрување на измени во тек на градба и истото било повлечено на **15.02.2022 година,** така што Градоначалникот на општина ______ донел решение за запирање на постапката и до денот на доставувањето на одговорот до ДКСК не е потврдена друга управна постапка за предметниот случај.

При контролниот инспекциски надзор со **записник ип1 бр.34-103 од 24.11.2022 година** констатирана е непроменета фактичка состојба при што согласно Законот за градење согласно **членот 134 став 1 алинеја 2,3, 4** градежниот инспектор има донесено **решение ип1 бр. 34-103 од 07.12.2022 година,** за отстранување на делови од градбата кои се изградени спротивно на заверениот основен проект и издаденото одобрение за градба.

Свое повторно постапување за предметниот случај има и Државната комисија за одлучување во втор степен од областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка која по втор пат ја уважува жалбата на жалителот и врз основа на изготвено решение број **ип2 бр.10-405 од 22.12.2022 година** го враќа предметот на повторно постапување на првостепениот орган.

Врз основа на изнесеното како и од увидот на доставената документација, ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за натамошно постапување од причина што тековно се постапувало од други надлежни органи, овластен градежен инспектор и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Изработил: П.Б.
Одобрил: В.Г., Член на ДКСК

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Биљана Ивановска**